Национална агенција за европски образовни програми и мобилност Скопје, Република Северна Македонија
Agjencia nacionale e programeve arsimore europiane dhe e lëvizshmërisë Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut

Дата Datë 26 -04- 2022

Бр.Nr. 01-607/1

# П Р О Ц Е Д У Р А

## ЗА
## НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА НЕПРАВИЛНОСТИ И ИЗМАМА И ПРИЕМ НА ПРИЈАВИ ЗА НЕПРАВИЛНОСТИ И ИЗМАМИ

## ВО
## НАЦИОНАЛНАТА АГЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ

Април, 2022 година

# СОДРЖИНА:

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ ---------- 1
1.1. Предмет ---------- 1
1.2. Дефиниции ---------- 1

II. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ ---------- 3
2.1. Откривање на неправилности и измами ---------- 3
2.2. Оценување на ризик ---------- 3
2.3. Лице овластено за неправилности во Националната агенција ----------4
2.4. Постапка за прием на пријави и известување за неправилностите ----------5
2.5. Постапка во Националната агенција при сомнеж за внатрешна измама или нерегуларност ---------- 7
2.5.1. Постапки кога потенцијални нерегуларности или измама се забележани од страна на Националната агенција ---------- 7
2.5.2. Заштита на финансиските интереси на Европската унија ---------- 8
2.5.3. Известување до Комисијата и Националниот авторитет ---------- 9
2.6. Истраги на национално ниво ---------- 9
2.7. Истраги на ниво на Комисијата (ОЛАФ/OLAF) ---------- 10
2.8. Систем за рано откривање и систем на исклучоци (ЕДЕС/EDES) ---------- 11

III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ ---------- 12

Врз основа на член 19 од Законот за основање на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност (Службен весник на РМ бр.113/07, 24/11, 24/13, 41/14, 145/15, 55/16 и 64/18), Директорот на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност Скопје, ја донесе следната

**ПРОЦЕДУРА**
**ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА НЕПРАВИЛНОСТИ И ИЗМАМИ И ПРИЕМ НА ПРИЈАВИ ЗА НЕПРАВИЛНОСТИ И ИЗМАМИ**

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### 1.1. Предмет

**Член 1**

(1) Со оваа Процедура се уредува постапката за спречување на неправилности и измама, како и формата, содржината, роковите и начинот на прием на пријави за неправилности и измами во Националната агенција за европски образовни програми и мобилност (во натамошниот текст: Национална агенција).

(2) Со оваа Процедура се уредува и начинот на меѓусебната соработка помеѓу Националната агенција и домашните и европски тела и институции задолжени за спречување на неправилности и измама.

**Член 2**

Одредбите од оваа Процедура се применуваат на вработените, членовите на комисиите за јавни набавки и членовите на Управниот одбор, вклучувајќи го и именуваниот директор во Националната агенција, како и на корисниците на средства од фондовите на Европската Унија (ЕУ), носителите на набавки и давателите на услуги.

### 1.2. Дефиниции

**Член 3**

Одделни поими употребени во оваа Процедура го имаат следново значење:

1) **Неправилност** е секое непридржување, прекршување и/или погрешна примена на законите и други прописи од домашното позитивно право, одредбите од меѓународните договори и спогодби, а која неправилност има, односно би можела да има, штетно влијание врз Буџетот на Република Северна Македонија и/или врз буџетот, односно средствата доделени од Европската Унија, како и врз средствата од други домашни и странски извори, било да се работи за приходи/примања, расходи/издатоци, поврати или обврски. Под неправилност се подразбира и повреда на договорни обврски од страна на економските оператори.

- Под неправилност во однос на расходите се подразбира:
  - Користење или презентирање на лажни, неточни или некомплетни изјави или документи, кои имаат ефект на проневера или погрешно задржување на

средства од Буџетот на Република Северна Македонија, општиот буџет на ЕУ или буџетите управувани од или во име на ЕУ;

- Неоткривање на информации на прекршување на одредена обврска со истиот ефект;
- Погрешната примена на ЕУ средствата за цели различни од оние за кои првично биле доделени.

- Под неправилност во однос на расходите се подразбира:
  - Користењето на погрешни, неточни или некомплетни изјави или документи кои имаат ефект на незаконско намалување на ресурсите од Буџетот на Република Северна Македонија, општиот буџет на ЕУ или буџетите управувани од или во име на ЕУ;
  - Неоткривање на информации на прекршување на одредена обврска со истиот ефект;
  - Неправилно користење на законска добивка со ист ефект.

2) **Измама** е намерна постапка, чин или пропуст што резултира со намалени приходи, односно незаконско присвојување и задржување на јавни средства од Буџетот на Република Северна Македонија, средства од ЕУ и средства од други домашни и странски извори, преку користење или прикажување лажни, неточни или нецелосни изјави или документи, неоткривање на информации и неправилна употреба на средствата за цели, поинакви од оние за кои истите првично биле доделени.

- Измамата може да биде сторена од:
  - засегнати страни, како што се корисниците, носителите на набавки, даватели на услуги (Надворешна измама);
  - вработените, членовите на комисиите за јавни набавки и членовите на Управниот одбор, вклучувајќи го и именуваниот директор во Националната агенција (Внатрешна измама).

- Активна корупција е намерна акција за барање или примање на корист, заради остварување или неостварување на определена работа при вршење на определена функција. Пасивна корупција е намерна акција за ветување или давање предност на некој, заради извршување или неизвршување на некое дејствие при вршење на определена функција. Корупцијата, без оглед дали е пасивна или активна, се зема во предвид како измама.

3) **Организациона единица за спречување на неправилности и измами** (Anti-Fraud Coordinating Structures - AFCOS) во Управата за финансиска полиција во Министерството за финансии (во понатамошниот текст: Единица во Управата за финансиска полиција) е организациона единица која е задолжена за координација на системот за спречување неправилности и измами, како и за прием, контрола, преземање на мерки и изготвување на извештаи за неправилности во управувањето и користењето на јавните средства, средствата на ЕУ, како и на средствата од други домашни и странски извори.

4) **Корисници на средства на Европската унија** се корисници на јавните средства кои учествуваат во системот на управување и користење на средства од програмите на ЕУ кои Република Северна Македонија ги добива од буџетот на ЕУ во согласност со меѓународните акти склучени помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија и Националната агенција и Европската комисија.

5) **Лице задолжено за неправилности** е лице вработено во Националната агенција кое ги прима пријавите за неправилности и сомнежи за измами или корупција и презема активностите за спречување на неправилности и измами.

6) **Подносител на пријава** може да биде секое домашно или странско физичко или правно лице, кое на лицето задолжено за неправилности или на Единицата во Управата за финансиска полиција доставува пријави или сознанија за неправилности и сомнежите за измами или корупција. Подносител на пријава може да биде и вработено или ангажирано лице во Националната агенција.

7) **Евидентна книга на лица задолжени за неправилности** е книга која се води во Единицата во Управата за финансиска полиција и во која се евидентираат лицата задолжени за неправилности.

8) **Евидентна книга на неправилности** е книга која се води Националната агенција од страна на лицето задолжено за неправилности и во која се евидентираат сите податоци за пријавените неправилности и сомнежи за измами или корупција.

## II. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

### 2.1. Откривање на неправилности и измами

**Член 4**

(1) Откривањето на неправилности и измами се однесува на сите активности и техники кои се користат со цел да се идентификува дали се случиле или се случуваат определени неправилности и измами.

(2) Националната агенција може да добие сознанија за евентуални случаи за неправилности или измама на различни начини и тоа: од страна на медиумите, преку ревизија извршена од страна на други тела (Национален авторитет – Министерство за образование и наука, Независно ревизорско тело, Комисија, Суд на ревизори, ОЛАФ/OLAF), преку жалба од вработен или партнер корисник и по сопствена иницијатива, во врска со управувањето со документи или за време на проверка на лице место итн.

(3) Причина на сомневање за неправилности или измама може да биде тоа што:

- Координаторот на проектот одбива да комуницира со неговите партнери и избегнува исплата на грантот согласно Договорот;
- Корисникот направил неколку промени на адреса, статут и правен застапник за време на постапката за поврат со цел да ја избегне исплата;
- Корисникот ги објавува реалните трошоци, но не е во можност да обезбеди докази за истите; износите на банкарските изводи на корисникот не се исти како што е наведено во финансискиот извештај; трошоците се преувеличени;
- Националната агенција се сомнева во врска со автентичноста на доказите (сомнеж за лажни документи);
- Националната агенција се сомнева за автентичноста на листата на присутни, како и за тоа дали активностите се навистина имплементирани.

### 2.2. Оценување на ризик

**Член 5**

(1) Со цел намалување на неправилности и измами, Националната агенција врши годишна проценка на ризици. Нерегуларностите и ризикот за измама се проценуваат врз основа на внатрешните ревизорски извештаи, извештаите на примарни проверки, мислења од Меѓународното ревизорско тело (IAB), ревизии на Комисијата и на Судот на ревизори и друго.

(2) Националната агенција ги користи следните алатки со цел спречување неправилности и измами:

- соодветна внатрешна процедура и контрола;
- обука на вработени;
- внатрешна и надворешна комуникација;
- преглед на етичките правила;
- преглед на сегрегацијата на задачи во Националната агенција;
- работење со соодветни ИТ алатки и база на податоци (на пр. ЕДЕС/EDES);
- соработка со останати Национални агенции;
- зголемување на перцепцијата за откривање на неправилности и измама и друго.

(3) Оценувањето на ризик Националната агенција го врши со помош на посебна Табела (Прилог бр.1 кон оваа Процедура) и Акционен план за оценување на нерегуларности и измама (Прилог бр.2 кон оваа Процедура).

## 2.3. Лице овластено за неправилности во Националната агенција

### Член 6

(1) Директорот на Националната агенција со Решение овластува лице задолжено за неправилности во Националната агенција на кое му е обезбедена независност и непреченост во работата.

(2) Овластувањето од ставот (1) на овој член, содржи податоци за име и презиме, работно место и телефонски број на овластеното лице, поштенска адреса и адреса на електронска пошта за прием на пријави.

(3) Податоците од став (2) на овој член задолжително се објавуваат на веб страницата на Националната агенција.

### Член 7

(1) Лицето задолжено за неправилности од членот 6 на оваа Процедура, задолжително посетува обука за стручно оспособување согласно Програмата за обука на Единицата во Управата за финансиска полиција.

(2) Покрај задолжителната обука од ставот (1) на овој член, Лицето задолжено за неправилности е должно постојано да се оспособува и да ги усовршува стручните способности и вештини преку други организирани обуки.

### Член 8

(1) Лицето задолжено за неправилности е должно да:

- презема активности за заштита од неправилности и сомнежи за измами или корупција, како и јакнење на интегритетот и етиката кај вработените во Националната агенција,

- презема потребни активности за воспоставување на ефикасен систем за

спречување на неправилности и сомнежи за измами или корупција,

- врши прием на извештаи за неправилности и сомнежи за измами или корупција,
- презема активности за откривање на неправилности и сомнежи за измами или корупција,
- ги следи активностите по известувањата за утврдени неправилности и сомнежи за измами или корупција како и за преземените мерки,
- редовно известува за утврдените неправилности и сомнежи за измами или корупција и за преземените мерки,
- ги проверува и обединува извештаите за неправилностите и сомнежите за измами или корупција и истите ги доставува до Единицата во Управата за финансиска полиција,
- врши архивирање и чување на прибраната документација,
- води Евидентна книга на неправилности,
- соработува со инспекторите на Европската Унија во спроведувањето на активностите за откривање неправилности и сомнежи за измами или корупција и
- соработува со Единицата во Управата за финансиска полиција и други надлежни органи вклучени во спречување неправилности и сомнежи за измами или корупција.

(2) Лицето задолжено за неправилности соработува со внатрешната ревизија и со лицата вклучени во финансиското управување и контрола со цел унапредување на системот на јавна внатрешна финансиска контрола.

**Член 9**

(1) Националната агенција воспоставува и води Евидентна книга на неправилности и Евидентна книга на лица задолжени за неправилности.

(2) Податоците од книгите наведени во став (1) од овој член се доверливи и се означуваат како класифицирани информации.

**Член 10**

(1) Лицето задолжено за неправилности поднесува Извештај до Единицата во Управата за финансиска полиција, за сите неправилности и сомнежи за измами или корупција при користење на средствата на ЕУ.

(2) Извештајот од став (1) од овој член се поднесува четири пати годишно и тоа за период:

- од јануари до март тековната година, до 30 април тековната година,
- од април до јуни тековната година, до 31 јули тековната година,
- од јули до септември тековната година, до 31 октомври тековната година и
– од октомври до декември тековната година, до 31 јануари наредната година.

(3) Извештајот од став (1) од овој член се поднесува и во случај кога не се пријавени неправилности и сомнежи за измами или корупција.

(4) Во случај на утврдени неправилности и сомнежи за измами или корупција, известувањето од став (1) од овој член се поднесува до потполно решавање на случаите на неправилности и сомнежи за измами или корупција, односно поврат на средствата.

(5) Единицата во Управата за финансиска полиција доставува копија од извештајот од став (1) од овој член до Националниот координатор за авторизација.

## 2.4. Постапка за прием на пријави и известување за неправилностите

### Член 11

(1) Пријавата за неправилност и/или измама и корупција, подносителот ја доставува до лицето задолжено за неправилности, чии податоци се јавно достапни, и тоа по писмен пат преку архивата на Националната агенција, преку телефон или факт, како и преку електронската пошта: nepravilnosti@na.org.mk.

(2) Пријавата од ставот (1) на овој член, подносителот може да ја поднесе лично или анонимно.

(3) Лицето задолжено за неправилности за примените информации од став (1) на овој член составува службена белешка и пријавата ја заведува во Евидентната книга на неправилности.

(4) Лицето задолжено за неправилности, по добиеното известување за постоење неправилности или сомнеж за измами или корупција, ги презема потребните мерки и за тоа ги известува Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и Единицата во Управата за финансиска полиција и финансиската инспекција во јавниот сектор.

(5) Лицето задолжено за неправилности, во рок од 15 (петнаесет) дена по добиеното известување за постоење неправилности или сомнеж за измами или корупција, за преземените мерки, во пишана форма го известува подносителот на информацијата, освен во случај на анонимна пријава.

(6) Доколку информацијата за неправилност и сомнеж за измама или корупција се однесува на Директорот на Националната агенција, лицето задолжено за неправилности ќе ги преземе сите потребни мерки за да ги информира органите од став (4) на овој член.

(7) Лицето задолжено за неправилности на содветен начин го следи текот на постапување по утврдените неправилности и сомнежи за измами или корупција.

(8) На подносителите на информација за неправилности и сомнежи за измами или корупција им се обезбедува заштита на идентитетот и стекнатите права од работен однос согласно закон.

### Член 12

(1) Доколку пријавата е доставена во електронска форма, овластено лице го печати записот кој одговара на пријава според содржината и испечатеното со попишани прилози добиени во форма на електронски записник го заведува како примена пријава.

(2) Доколку печатењето на прилозите од став (1) на овој член не е економично, овластеното лице истите ги зачувува во електронска форма на посебниот компјутер обезбеден со лозинка позната само нему.

(3) Кога лицето задолжено за неправилности ја проследува пријавата до друга надлежна институција или кога е потребно пренесување на приложените електронски записи заради постапување по пријавата, во случајот од ставот (2) на овој член, лицето задолжено за неправилности извршувајќи ги обврските и

одговорностите во примена на обезбедените технички и организациски мерки за заштита на личните податоци, електронските записи ги преснимува на носач на електронски запис кој го приложува кон пријавата.

### Член 13

(1) Лицето задолжено за неправилности по приемот на пријавите, како и жалбите примени од страна на Националната агенција, без одлагање врши проценка на содржината на пријавата за да утврди дали истата е логична и разумна, ја проучува нејзината содржина и проверува дали пријавата содржи доволно елементи за да биде проследена за натамошно постапување. На подносителот на пријавата или на жалбата секогаш треба да му биде даден одговор по писмен пат, притоа земајќи ја во предвид доверливоста потребна за ефикасна истрага.

(2) Во вршењето на проценката од ставот (1) на овој член, лицето задолжено за неправилности може да побара дополнителни информации од лицето коешто ја поднело пријавата, доколку неговиот идентитет е познат, притоа внимавајќи на заштитата на идентитетот, како и да се консултира со други лица.

(3) По извршување на проценката од ставот (2) на овој член, лицето задолжено за неправилности донесува заклучоци за натамошното постапување по пријавата кои се однесуваат на не/надлежност за постапување на институцијата каде е назначено и потребното преземање мерки за постапување по пријава.

(4) Доколку лицето задолжено за неправилности утврди дека со пријавата не се утврдуваат неправилности, односно не се однесува на пријава за неправилност, измама или корупција, составува записник и за истото го информира Директорот на Националната агенција преку архивата на Националната агенција.

### Член 14

(1) За наводите од содржината на пријавата и заклучоците од членот 13 на оваа Процедура, лицето задолжено за неправилности, без одлагање го известува Директорот на Националната агенција со писмено известување потпишано и заверено од службеното лице.

(2) По исклучок од став (1) на овој член, доколку лицето задолжено за неправилности во вршењето на проценката од членот 13 на оваа Процедура констатира дека наводите од содржината на пријавата непосредно или посредно се насочени против Директорот на Националната агенција, претседателот на Управниот одбор или член на Управниот одбор, пријавата, без известување до Директорот на Националната агенција, ја проследува до надлежната институција согласно закон.

### Член 15

(1) Доколку се утврди дека вработените во Националната агенција имале било какви информации за неправилности или сомнежи за измама или корупција и истите не ги пријавиле навремено како што е опишано во оваа Процедура, против вработените Националната агенција ќе спроведе соодветна дисциплинска постапка.

### Член 16

(1) Заштитата на личните и другите податоци кои се однесуваат на

подносителите на пријави за неправилности кои барале да бидат анонимни и на доверливи пријави од подносителите на пријави за неправилности, а кои можат да им го откријат идентитетот, се врши согласно прописите од областа за заштита на личните податоци и согласно заштитата на класифицираните информации.

## 2.5. Постапка во Националната агенција при сомнеж за внатрешна измама или нерегуларност

### Член 17

(1) Вработените на Националната агенција мора да ги извршуваат сите програмски задолженија на објективен и непристрасен начин, без фаворизирање, непотизам и било какво политичко влијание.

(2) Вработените во Националната агенција кои се сомневаат за внатрешна измама или нерегуларност треба да го информираат лицето задолжено за неправилности во Националната агенција кое треба да преземе соодветни мерки, на ист начин како и во случај на сомневање за сторена надворешна измама или нерегуларност.

(3) Во конкретен случај каде пријавата или жалбата се однесува на Управниот одбор, на Комисијата за јавни набавки или на Националниот авторитет, вработениот треба да ја информира директно Комисијата преку електронска адреса (EAC-ANTI-FRAUD@ec.europa.eu).

(4) Вработените во Националната агенција мора да бидат запознаени дека доверливоста на изворот е загарантирана.

### 2.5.1. Постапки кога потенцијални нерегуларности или измама се забележани од страна на Националната агенција

### Член 17-а

(1) Кога некој од вработените во Националната агенција ќе забележи можен случај на нерегуларност или измама веднаш го известува Директорот на Националната агенција или лицето одговорно за неправилности или измама кое е назначено од страна на Директорот на Националната агенција.

(2) По забележувањето на можен случај на нерегуларност или измама од вработено лице, Националната агенција врши евалуација на случајот со цел оценување на нивото на ризик за можни неправилности или измама или дали се потребни дополнителни информации.

(3) Во случај на потенцијални неправилности или измама, Националната агенција може да ги суспендира исплатите и имплементацијата на договорот за грант, со цел да се утврди дали сомнителните случаи се вистинити. Одлуката треба да биде донесена по спроведувањето на евалуација на оперативните и финансиските импликации. Пред суспензијата на имплементацијата или на исплатите, Националната агенција со засегнатиот корисник задолжително воспоставува формална, документирана комуникација.

(4) Во случај кога сомневањето не е основано, Националната агенција треба да обезбеди продолжување на договорот за грант (имплементација и исплати) во најкраток можен рок, по што постапката се смета за завршена.

(5) Во случај кога сомневањето за нерегуларности или измама е потврдено, Националната агенција веднаш ја информира Комисијата и започнува со постапките наведени во член 17-б и 17-в од оваа Процедура.

(6) За сите преземени активности од овој член, вработените во Националната агенција истите ги документираат на соодветен начин, по писмен или електронски пат.

### 2.5.2. Заштита на финансиските интереси на Европската унија

**Член 17-б**

(1) Во случај да, Националната агенција има сериозни сомневања за нерегуларности и измама во однос на корисникот, истата задолжително презема соодветни мерки за заштита на финансиските интереси на Европската унија.

(2) Во зависност од природата и сериозноста на фактите и напредокот на истрагата, главните мерки коишто вработените во Националната агенција, кои учествуваат во проверките и одобрувањето на Извештаите за спроведување на активноста определена со Договорите за грант, ги преземаат се:

- Идентификување на договори кои што може да бидат засегнати од нерегуларностите или измамата и идентификување на износите кои што веќе се исплатени и оние кои што треба да се исплатат на корисникот, координаторот или партнерите;
- Идентификување на одредбите во договорот кои што може да се искористат за примена на построги услови (на пример: придружни документи за исплата, проверки на лице место, ревизии и друго);
- Подобра контрола на прифатливите трошоци и придружните документи пред исплатите да се извршат (проверки на лице место, проверки од работно место, системски проверки);
- Барање на банкарска гаранција при доделување на друг грант;
- Отсуство или забрана на пред-финансирање за нови договори,
- Суспензија на исплати,
- Раскинување на договорот и
- Поврат на неоправдано исплатени износи.

(3) Доколку внатрешниот ревизор има сомневање за измама или корупција во текот на вршењето на ревизијата, тогаш истиот подготвува извештај за Раководителот на Одделение за внатрешна ревизија, при што има обврска да испрати писмен извештај до Директорот на Националната агенција и на лицето овластено за известување на неправилности или сомневање за измама или корупција.

(4) Кога ревизијата и контролите покажуваат грешки коишто се повторуваат, нерегуларности или измами поврзани со корисник на кого му биле доделени грантови во слични услови, Националната агенција може да ја прошири примената на резултатите на сите доделени грантови на тој корисник. Во тој случај, пред суспензија на спроведувањето или исплатите, задолжително се покренува формална постапка кон корисникот.

### 2.5.3. Известување до Комисијата и Националниот авторитет

**Член 18-в**

(1) Доколку Националната агенција забележи било каков случај на нерегуларност или (сомнеж) за измама во однос на ЕУ фондовите за децентрализирани акции поврзани со Договорот за делегација, задолжително поднесува Првичен извештај за нерегуларности и сомневања за измама до ГД-ОК (DG EAC), без разлика истото е сторено од страна на корисник на програмата или од страна на вработен во Националната агенција (Прилог бр.3 кон оваа Процедура).

(2) По исклучок од став (1) на овој член, Националната агенција не ја известува Комисијата за неправилност во случај да нерегуларноста (грешка/невнимание) е откриена од страна на Националната агенција и е исправена пред финалната исплата кон корисникот, а притоа не произведува административна или судска казна и не предизвикува штета на финансиските интереси на ЕУ. Во такви случаи, Националната агенција води точна евиденција во своите досиеја за откриените факти и преземените корективни мерки. Но, во случај на измама Националната агенција задолжително поднесува извештај до ГД-ОК.

(3) Националната агенција ја известува Комисијата за постапката на мониторинг и следење на нерегуларностите и измамата на редовна основа како дел од нејзиниот годишен извештај (Прилог бр.4 кон оваа Процедура). При изготвување на годишниот извештај, Националната агенција треба да се осигура дека сите случаи кои се уште отворени на крајот од претходната година и сите случаи отворени во текот за годината за која се известува, се вклучени во Декларацијата за годишно управување со јасно образложение на извршените акции и на статусот на предметот.

(4) За целите на супервизија од страна на Националниот авторитет и неговото овластено независно ревизорско тело, Националната агенција го информира Националниот авторитет за сите случаеви на нерегуларност или (сомнителна) измама и нивно следење.

## 2.6. Истраги на национално ниво

**Член 19**

(1) Националната агенција може да спроведе проверки кои спаѓаат во рамките на вообичаените активности на управување на една проектна апликација. Утврдувањето на веродостојноста на документацијата може да произлегува од: проверки на документи/анализи на извештаи од работно место, проверки на лице место, истражување во базата на податоци, консултации со други Национални агенции или со Комисијата.

(2) Доколку по спроведените проверки, Националната агенција не може да утврди дали сомнежите за нерегуларности или измама се потврдени со националната и договорната рамка, истата ги известува надлежните органи со цел преземање понатамошни активности.

(3) Националната агенција не може да спроведува проверки кои се надвор од активностите на управување со проектот како што е дефинирано во договорот за грант потпишан со корисниците кој вклучува контакт со трети страни. Овие проверки потпаѓаат во надлежност на националните служби за спречување на измама, надлежните национални судови или Европската канцеларија за спречување на измама (ОЛАФ/OLAF).

(4) Обврската за поднесување извештај е задолжителна, а Комисијата може да одлучи да спроведе своја истрага независно од проверките спроведени од Националната агенција.

## 2.7. Истраги на ниво на Комисијата (ОЛАФ/OLAF)

### Член 20

(1) Националната агенција задолжително испитува дали истрагата може да се спроведе на национално ниво пред да побара од ГД-ОК (DG EAC) истата да биде спроведена од страна на ОЛАФ.

(2) Кога Националната агенција ќе одлучи да предаде сомнителен случај за измама на ОЛАФ, истата предметот го пренесува на ГД-ОК (DG EAC), со цел да го следи циклусот на управување, а по извршена проверка, ГД-ОК (DG-EAC) предметот го пренесува на ОЛАФ. Дури и ако Националната агенција не смета дека е неопходно да го пренесе случајот до ОЛАФ, ГД-ОК (DG-EAC) може во сите фази од националната истрага да одлучи да го информира ОЛАФ за предметот, без консултација и независно од активностите кои веќе се преземени од страна на Националната агенција.

(3) Националната агенција ја информира ГД-ОК (DG-EAC) за било какви сомневања, без разлика на тоа колкав е грантот и износот на наводна измама.

(4) По потреба, ОЛАФ може да побара дополнителни информации од ГД-ОК (DG-EAC), која потоа ги бара од Националната агенција да ги обезбеди документите и објаснувањата побарани од страна на ОЛАФ.

(5) Националната агенција никогаш не испраќа оригинални документи кои се однесуваат на нерегуларности или измама до Комисијата. Ако ОЛАФ сака да ги провери оригиналните документи, ќе даде предлог или да се доставaт заверени копии или да ги провери оригиналите во просториите на Националната агенција.

(6) ОЛАФ ја информира ГД-ОК (DG-EAC) после секоја истрага за нејзините заклучоци и препораки, а по испитувањето, ГД-ОК (DG-EAC) ги препраќа до Националната агенција.

### Член 21

(1) Со цел да не се загрози истрагата во случаи на неправилности и измама, Националната агенција не треба да го информира засегнатиот корисник дека е започната истрага против него. Во врска со отворените истраги од страна на ОЛАФ, пред Националната агенција да го контактира корисникот, потребно е да се склучи писмен (или преку електронска пошта) договор со Комисијата.

(2) Лицето задолжено за неправилности може да го отповика сомнението за неправилност или измама со цел да ја оправда својата одлука, без да ги соопштува методите на истрага (национална истрага, ОЛАФ, суд и други).

## 2.8. Систем за рано откривање и систем на исклучоци (ЕДЕС/EDES)

### Член 22

(1) ЕДЕС/EDES е систем кој е воспоставен од Комисијата за зајакнување на заштитата на финансиските интереси на Унијата и обезбедување на ефективно

финансиско управување.

- Основ за постоење на исклучоци се:
- Банкрот, несолвентност или ликвидација;
- Не плаќање на даноци или придонеси за социјално осигурување;
- Сериозно професионално малтретирање;
- Измама, корупција, учество во криминални организации и слично;
- Сериозни прекршувања на договорот;
- Нерегуларности.
- Информациите за исклучување/финансиска казна може да потекнуваат од:
- Конечна пресуда или конечни административни решенија;
- Не извршни пресуди или административни решенија кои дозволуваат да постои сомневање;
- Факти и наоди од Канцеларијата за борба против измама на Комисијата (ОЛАФ/OLAF), Суд на ревизори, ревизии или било каква друга проверка од страна на Комисијата, ревизија или било каква друга проверка спроведена под одговорност на Националната агенција;
- Случаи на измама или нерегуларност со кои се воспоставува недоверба во врска со субјектот/организацијата.

(2) Националната агенција назначува администратор/управувачки корисник на организацијата (Organisation User Administrator OUA) кој е одговорен за управување на правото на пристап на ЕДЕС/EDES системот од страна на Националната агенција. Администраторот ја контактира функционалната електронската адреса на Генерален директорат за буџет (DG BUDG) BUDG-EDES-DB@ec.europa.eu, бара администраторски права и понатамошни насоки кои се однесуваат на процедурата, по што Националната агенција добива пристап до ЕДЕС/EDES системот за информации во врска со исклучените економски оператори и е обврзана да го земе во предвид овој статус за време на проверката на подобноста во процесот на доделување на Договор за грант.

(3) Администраторот/управувачкиот корисник од став (2) на овој член води Регистар на овластени корисници од редот на вработените во Националната агенција за пристапот во ЕДЕС/EDES системот во форма на табела, кој редовно го ажурира во текот на календарската година.

(4) Администраторот од став (3) на овој член, во ЕДЕС/EDES системот ги ажурира податоците за оние корисници на кои треба да им се укине пристапот до информациите од системот поради промена на работното место или поради престанок на работниот однос во Националната агенција, како и за оние корисници на кои пристапот повторно треба да им се активира.

(5) Пристапот на корисниците кои добиле пристап до ЕДЕС/EDES системот, е со времетраење од 6 (шест) месеци. По истекот на овој рок, истиот потребно е повторно да се активира, со цел корисникот да може да се вклучи и врши проверки во системот. За таа цел, во Регистарот на овластени корисници од редот на вработените во Националната агенција за пристапот во ЕДЕС/EDES, се води евиденција за денот на активирање и времетраењето на мандатот на секој корисник.

**Член 23**

(1) Вработените во Националната агенција имаат консултантски пристап до

базата за информации за исклучени оператори во ЕДЕС/EDES системот и истите не можат самостојно да внесуваат податоци во ЕДЕС/EDES системот.

(2) Во текот на календарската година, програмските службеници ги проверуваат достапните информации за правните субјекти во ЕДЕС/EDES системот, во неколку наврати и тоа: во фаза на техничка проверка, пред Евалуациона комисија и пред потпишување на Договорот за грант. Со оглед да, проверката на организациите во ЕДЕС/EDES системот не остава архивска трага од резултатите, за потребите на ревизија и евиденција, програмските работници службеници прават "screenshot" од резултатите и ги чуваат за понатамошни потреби.

(3) Во случај на сомневање за измама, потврдена измама или неправилност, програмскиот службеник пополнува табела со информации и прилози и истата ја доставува до лицето за контакт за неправилности и измами од Националната агенција. ГД-ОК (DG-EAC) понатаму, ги утврдува, меѓу другото, потенцијалните мерки за внесување на податоци во ЕДЕС/EDES, а по барање на ГД-ОК (DG-EAC) Националната агенција обезбедува дополнителни документи (во зависност од случајот): ревизорски извештаи, проверки и контроли, пресуди и административни акти (во случај на тековни судски процеси, информација до каде е случајот пред Националните авторитети), договор и анекси, информации за раскинување на договорите, налози за поврат (доколку ги има), должнички преписки (доколку ги има), размена на писмена и друго.

(4) Конечната одлука за внесување на нови податоци во ЕДЕС/EDES системот ја носи надлежно тело на Комисијата.

**Член 24**

(1) Севкупната комуникацијата во врска со неправилности или измама Националната агенција ја доставува до Директорот на ГД-ОК (DG-EAC), задолжен за програмите Еразмус+ и Европски солидарен корпус согласно Договорот за контрибуција во копија на функционалната електронска адреса EAC-ANTI-FRAUD@ec.europa.eu.

## III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 25**

(1) Оваа Процедура влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе биде јавно достапна на веб страницата на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност.

**Директор,**
м-р Марко Ѓорѓиевски

_______________________________